МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# МЦМС е-Билтен

Јули 2010

БРОЈ 107

## Младите и креирањето политики

МЦМС започна со спроведувањето на проектот „Јакнење на капацитети на млади за анализа на политики“ кој ќе ги опфати младинските граѓански организации и младите Роми.

Целта е да се зголемат капацитетите на младите за анализа на политики и за расправи за битни општествени прашања поврзани со доброто управување.

Преку обуките и брошурата што ќе биде издадена ќе им се помогне на младите да иницираат и учествуваат во креирањето политики.

Проектот трае до крајот на годината, а ќе биде спроведен од страна на здружението „Прогрес“ со советодавна поддршка на МЦМС. Буџетот на проектот е 871.940 МКД.

Поддршката ја обезбедија МЦМС (со средства од ЕЕД), УСАИД и Прогрес.

## Реконструкција и нагледни средства за четири училишта

МЦМС продолжува со реновирање на основните училишта во руралните заедници. Со овогодинешниот проект ќе бидат опфатени 837 ученици и 96 вработени во основните училишта. Интервенциите ќе бидат направени во училиштата во селата Кукуречани (о.Битола), Ангелци (о.Василево), Црнилиште (о.Долнени) и с.Конче (о.Конче).

Цел на проектот е условите во основните училишта да бидат со прифатливи стандарди во согласност со големината и потребите на училиштето.

Ваквите проекти МЦМС ги спроведува заедно со општините и основните училишта.

Буџетот изнесува 5.246.255 МКД, а средствата се донација од Сокотаб од Швајцарија и неговите партнери.

## Трет состанок на ЗКК за граѓанското општество на Македонија и ЕУ



*Со-претседателите (лево) и министрите (десно) со Сепо Калио од ЕЕСЦ*

На 8 јули 2010 година, во Брисел, се одржа третиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на Република Македонија и Европската Унија. Нивото на состанокот беше подигнато со присуството на Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Џелал Бајрами, министер за труд и социјална политика и Кристијан Хедберг, раководител на одделението за Република Македонија во Европската комисија.

На состанокот, освен високите гости, зборуваа и Сепо Калио, заменик-претседател на Европскиот економски и социјален комитет, Драган Тилев, советник во постојаната мисија на Македонија во ЕУ, Владимира Дрбалова и Сашо Клековски, со-претседатели на ЗКК. Освен тоа, беше презентиран и дискутиран Извештајот за транспортната политика. Состанокот заврши со усвојување на две групи заклучоци.

Првата се однесува на патот на Македонија кон ЕУ. Присутните изразија жалење заради отсуството на одлука за започнување преговори за членство на РМ во ЕУ во првото полугодие од 2010 година. Тие повикаа на понатамошно ангажирање во преговорите меѓу Македонија и Грција под покровителство на ООН. Потсетија на важноста на визното либерализирање, го поздравија напредокот во постигнувањето на пристапните приоритети и ја потенцираа потребата од продолжување на спроведувањето на реформите во судството и борбата против корупцијата. ЗКК го потенцира општото подобрување на законската рамка со новиот Закон за здруженија и фондации, а во делот на социјалниот дијалог, учесниците ги реафирмираа потребите за спроведување на заклучоците усвоени за време на вториот состанок на ЗКК.

Втората група заклучоци се однесува на транспортната политика. Членовите на ЗКК го поздравија мислењето од Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) за транспортната политика во Западен Балкан и ја нагласија важноста од воспоставување на Транспортна заедница меѓу ЕУ и земјите на Западен Балкан. Тие сметаат дека спроведувањето на договорот може да води кон реформи и реструктуирање на транспортниот сектор во земјите. Затоа ги повикаа Владите да се ангажираат во дијалогот со социјалните партнери и релевантните граѓански организации. Следниот состанок на ЗКК на граѓанското општество на Република Македонија и ЕУ ќе се одржи во почетокот на следната година, во Македонија.

## Политичката мисла во граѓанското општество



*Говорниците на подиумската дискусија*

По повод објавувањето на триесеттото издание на магазинот „Политичка мисла“ на 13 јули 2010 г. во Скопје се одржа подиумска дискусија во организација на издавачите, фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Социетас цивилис“. Издание то и дискусијата беа на тема „Политичката мисла во граѓанското општество“. Во дискусијата учествуваа дел од авторите на објавените текстови.

Довербата меѓу ГО и Владата за амбасадорот Ерван Фуере е клучна за напредокот на Република Македонија. Според него има напредок во вклучувањето на граѓанските организации во креирањето на законите, но власта е селективна во прифаќањето на нивните предлози. За пратеникот Александар Спасеновски мора да се обезбеди единство за патот до Европската Унија и на ниво на политички партии и на ниво на етничките заедници во земјата.

Еден од основачите на „Политичка мисла“, Андреас Клајн, го пренесе своето видување и искуство со граѓанското општество и политичките партии во Македонија и Летонија.

Од граѓанските организации, свој авторски придонес даде прво извршен директор на МЦМС, Сашо Клековски. Граѓанското општество не може да постои без граѓани, а учеството на македонските граѓани во него е сè уште мало, истакна Клековски. Бујар Лума, извршен директор на Центарот за балканска соработка „Лоја“ зборуваше за взаемната почит меѓу власта, политичките партии и граѓанските организации.

„Политичка мисла“ е тримесечно списание, кое од 2003 г. третира теми од општествениот, економскиот и политичкиот живот во Република Македонија.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk